***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***од 18.05.2026 година***

На 18.05.2026 година во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 9 $^{00}$ часот Советот на општина Демир Хисар одржа Вонредна седница.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутен беше Мише Милошевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година за Општина Демир Хисар

2.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство на сите советници, при тоа објасни вонредната седница беше свикана на барање на општината за донесување на Општинскиот енергетски план за 2027 година поради роковите кои треба да се запазат. Советниците немаа забелешки во врска со образложението за потребата од свикување вонредна седница. Предложениот Дневен ред го стави на гласање. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година за Општина Демир Хисар***

За Одлуката за усвојување на Општински енергетски план за 2027 година за Општина Демир Хисар воведно излагање имаше претставникот од општината Мише Милошевски. Вакви Планови треба да се носат секоја година законски утврдениот рок е до 15 Мај, предходно потребно е да се добие согласност од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Овие се стратешки документи, ова е патоказ како да се намалат трошоците за енергија и заштита на животната средина. Општина Демир Хисар ангажира консултанска куќа која го изготвуваше планот. Клучните цели се -намалување на потрошувачка на енергија, енергетска независност, намалување на загадувањето. За 2027 година планирано е инвестирање во јавното осветлување замена со лед сијалици (кај нас е максимално вложено има заштеда во трошоците за електрична енергија за јавно осветлување, сепак можи да се подобри); поставување сончеви панели на јавни објекти планирано е во 2027 година да се постави на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, еколошко греење замена на котрите со топлотни пумпи; електрична мобилност поставување на полначи за електрични возила (тоа за нашатата општина е пошеко да се реализира) од финансиски аспект овој План дава можност да се аплицира за добивање на средства за реализација на проекти,

енергетска ефикасност на општината. Предходниот план кој беше изготвен имаше потреба од дополнување, па согласноста на корегираниот план ја добивме во петокот на 15.05.2026, но исто така имаме и пролонгирање на рокот до 22.05.2026 година односно до 01.06.2026 година да му биде доставен и службениот гласник каде ќе биде објавен општинскиот енергетски план. Ова е и причината за свикување на вонредна седница. Советничката Клара Кузмановска имаше забелешка зошто овај план не го изготвиле тим од вработените во општината кој ја познаваат проблематиката, нема потреба за тоа се ангажирала консултанска куќа. Вработените во општината многу подобро ги знаат проблемите и приоритетите и можностите на општината него некоја консултанска куќа и за таа услуга општината плаќа. Претставникот Мише Милошевски објасни за оваа услуга платено околу 60.000 денари, добра е забелешката секако е добро ова да го изготви некој од вработените и да ја следи целата таа проблематика, но начинот на кој вработените во општината ги извршуваат работите нема таква можност, некој од вработените работат на повеќе области и неможи да се вложи во изготвување на вакви стратешки документи, а роковите мора да се почитуваат. Затоа се одлучивме на овај чекор подбро да имаме план, него општината да нема ваков план, бидејќи овај план ги опфаќа инвеститорите во областа на фотоволтаиците. Исто така дава можност да се аплицира и да се добиваат средства, кога имаме план можеме да ги надополнуваме или корегираме недостатоците. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката за усвојување на планот гласаа 6 „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17- 476/3
28.05.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски с.р.